**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО ДОПОЛНИТЕЛЕН РАБОТЕН ОДНОС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ – БАС ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Со одлуката за формирање на Рецензиската комисија за избор на наставници во насловно звање во дополнителен работен однос на Висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски - БАС Скопје, за наставната област Англиски јазик од 15.09.2016 година, определени сме за членови на Рецензиската комисија.

Со одлуката од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот и по нивното проучување, Рецензиската комисија, во состав:

1. Виш лектор м-р Анка Веселинова, виш лектор на МИТ Универзитет, Скопје;
2. Виш лектор м-р Лела Ивановска, виш лектор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии, Битола;
3. Виш лектор д-р Маја Милевска Кулевска, виш лектор на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје.

има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. Преглед на пријавените кандидати**

На конкурсот за избор на наставници на БАС, објавен во Нова Македонија на 31.08.2016 година со рок за пријавување 8 дена од денот на негово објавување за наставната област Англиски јазик, пријавени се вкупно 2 кандидати:

1. **М-р Валентина Петровиќ**
2. **М-р Марија Дулевска**

Кандидатите ги исполнуваат основните услови и двете успешно го имаат поминато процесот на хабилитација при што и за двете кандидатки подолу се дава приказ и оценка на нивните остварувања.

**II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатите**

**1. М-р Валентина Петровиќ**

**А) Образовен развој**

М-р Валентина Петровиќ е родена на 14.06.1973 година. Своето високо образование го започнува на Филолошкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, при што во 1996 година се стекнува со звањето Професор по англиски јазик. Вториот циклус на студии ги продолжува на Педагошкиот факултет при Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола на студиската програма по Образовен менаџмент и во 2007 година се стекнува со звањето Магистер по менаџмент во образование. Третиот циклус на студии го започнува во 2008 година и сеуште е во тек и е во завршна фаза на изработката на докторската дисертација од областа на Организациското комуницирање.

**Б) Кариерен развој**

Кариерниот развој на м-р Валентина Петровиќ се одвива според следнава хронологија:

- 09.1999 – 08.2006 година – Образовен консултант, Училиште за странски јазици Логос Оксфорд, Скопје;
- 09.2007 – Преведувач, Агенција за превод, Translation and Intellectual Services, Скопје;
- 10.2008 – Лектор по англиски јазик, Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје.

**2. М-р Марија Дулевска**

**А) Образовен развој**

М-р Марија Дулевска е родена на 04.02.1979 година. Своето високо образование го започнува на Филолошкиот факултет во Скопје при што во 2001 година се стекнува со звањето Професор по англиски јазик. Своите магистерски студии ги продолжува на истиот факултет при што во 2013 година се стекнува со научниот степен Магистер по филолошки науки. Своите докторски студии ги продолжува повторно во истата област со тоа што во 2014 година се запишува на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово на насоката за Англиски јазик.

**Б) Кариерен развој**

Кариерниот развој на м-р Марија Дулевска се одвива според следнава хронологија:

- Директор на ООУ Блаже Конески, Прилеп – од август 2008 година па до денес;

- Професор по англиски јазик во ООУ Гоце Делчев, Прилеп – од 2001 до 2008 година;

**III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија**

Врз основа на приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатите и нивните досегашни остварувања, кандидатите ги исполнуваат основите и посебните услови за избор во насловно звање за наставната област Англиски јазик.

Затоа Рецензиската комисија со задоволство му предлага на Наставничкиот совет на БАС, кандидатите м-р Валентина Петровиќ и м-р Марија Дулевска да ги избере во дополнителен работен однос, како наставник во насловно звање ***Лектор во наставната област Англиски јазик.***

РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

1. Виш лектор м-р Анка Веселинова

2. Виш лектор м-р Лела Ивановска

3. Виш лектор д-р Маја Милевска Кулевска